# СООБРАЌАЈКА ВО СТРАНСТВО
# ЧЕКОРИ КОИ ТРЕБА ДА ГИ СЛЕДИШ

## ПОГРИЖИ СЕ ЗА ЕВЕНТУАЛНИТЕ ПОВРЕДЕНИ.
Доколку има повредени лица, најпрво, погрижи се за нив.

## ОБЕЗБЕДИ ГО МЕСТОТО НА НЕЗГОДАТА
Обезбеди го местото на незгодата со сигнализација и не ги поместувајте возилата. Доколку постојат услови направи фотографии од возилата.

## ПОВИКАЈ ПОЛИЦИЈА
Повикај полиција и по извршениот увид побарај копија од полицискиот извештај – записник.

## ДОКОЛКУ НЕ СИ ВИНОВЕН ЗА НЕЗГОДАТА
Потребно е да ја пријавиш штетата во Бирото за зелена карта на земјата во која се случила незгодата. На позадината на зелената карта можеш да ги најдеш телефоните на Бироата за зелена карта на сите земји. По враќањето во Р. Македонија извести ја твојата осигурителна компанија за незгодата.

## ДОКОЛКУ СИ ВИНОВЕН ЗА НЕЗГОДАТА
Треба да му дадеш копија од зелената карта на оштетениот или на полицијата која врши увид. По враќањето во Р. Македонија задолжително ја известуваш компанијата која го издала Зелениот Картон, и даваш писмена изјава во која објективно ќе го опишеш начинот на кој дошло до незгодата.

За помош при пријавување на штетата и остварување на правото на надомест, во одредени земји можеш да се обратиш и во осигурителните компании со кои твојата осигурителна компанија има склучено кореспондентски договор. Доколку имаш проблеми при целокупната процедура, јави се во твојата осигурителна компанија и побарај упатство како да постапиш.

## ПОЛИСА
За комплетна безгрижност – Каско осигурување за твојот автомобил.
Зошто да му ја мислиш ти кога може да му ја мисли осигурителната ;-)